# З А П И С Н И К

**од тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2026 година**

Тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 14.04.2026 година во 14:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, д-р Адмирим Алити и Анкица Трпковска.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од дванаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации ;
3. Носење на Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за тринаесеттиот состанок во 2026 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно донесе Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател______

Анкица Трпковска, заменик претседател______

Анѓелка Диневска, член______

Насер Адеми, член______

д-р Адмирим Алити______

Наш број 1102-17/2

Скопје 14.04.2026 година